РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 08-01- 2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22, член 23 став 1, член 114 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40, член 41 и член 57-а од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 45-тата седница одржана на ден 30.12.2020 година донесе

## О Д Л У К А

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-3453/1 од 05.10.2020 година.

Предметот со број 08-3453/1 од 05.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

### *Образложение*

Предметот со број 08-3453/1 од 05.10.2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК по сопствена иницијатива изврши проверка на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија дали поднеле Анкетни листови и изјави за интереси по нивниот избор, односно по престанок на нивната функција по конституирањето на новиот пратенички состав во август 2020 година.

Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека лицето ------------------------, во законски утврдениот рок по престанок на функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија не поднело анкетен лист со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Борче Стојановски, виш соработник
Одобрил: Катица Николовска

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk